**Бакнежот на пролетта**

Во една земја, на крајот од последната улица на едно гратче, во една малечка куќичка под еден рид, живееше едно девојче со баба си. Откако знаеше за себе, девојчето секое утро седеше крај прозорецот и гледаше надвор. Во дворот пред куќичката сѐ беше бело, а голите гранки на дрвјата на ридот беа клапнати под тежината на снегот, зашто надвор секогаш беше зима.

Во зимата во којашто живееше девојчето, денот траеше многу кусо. Штом ќе се стемнеше, девојчето се преместуваше од прозорецот крај топлото огниште и бабата му раскажуваше приказни. Приказните на бабата секогаш беа за пролетта. Таа раскажуваше дека во пролет, небото е сино, а на него грее милото, жолто сонце. Ридот над куќата раззеленува, од гранките на дрвјата пеат птици, а во градината пред куќата цветаат цвеќиња. И сѐ мириса толку чудесно, слатко и убаво. Девојчето ги слушаше приказните без да трепне, сѐ додека неосетно не заспиеше.

Секое утро, девојчето ќе се разбудеше и повторно трчаше право кон прозорецот, да види дали пролетта дошла. Но, од другата страна секогаш одново ја пречекуваше снегот. Тоа тажно ќе воздивнеше:

„Колку би сакала навистина едно утро да ја видам пролетта“ – ѝ велеше девојчето на баба си. „Да огрее сонцето, да запеат птиците, да раззелени ридот, а во нашата градина да расцветаат цвеќињата. Исто како во твоите приказни.“

„Пролетта одамна си замина од овде“ – водзивна бабата. „Уште кога јас бев колку тебе. Ја налутија луѓето од нашата земја, та таа си ги собра ластовичките и цутовите и си замина. Беше толку лута што рече дека никогаш веќе нема да се врати.“

„А зошто ја налутиле?“ – праша девојчето,

„Не знам“ – рече бабата. „Јас бев дете, а кога се случува нешто страшно, на децата никој не им ја кажува вистината. Толку години поминале, што ми се чини дека ако не ти раскажував тебе, сосема ќе ги заборавев и звуците и мирисите на пролетта.“

Бабата на девојчето беше стара и девојчето сфати дека штом пролетта не се вратила досега, сигурно нема да се врати ни отсега. Затоа, реши да оди и самата да ја побара, па да ја покани да се врати. Белким пролетта нема и нејзе да ѝ се лути. Се облече во топли алишта, стави малку храна во торбичката и тргна.

Одеше девојчето, одеше, одеше со денови. Околу неа сѐ беше бело и студено и не се слушаше ништо освен фучењето на северниот ветер. Тоа веќе беше изгубило надеж дека ќе ја најде пролетта, а почна и да ѝ недостасува баба ѝ и нејзините убави приказни. „Можеби пролетта не постои навистина“ – си помисли девојчето малодушно. „Можеби баба само ги измислувала сите тие приказни. Веќе сум и гладна и жедна и уморна, ми студи. Можеби треба да се вратам дома кај баба, да ја гушнам и да се стоплам крај огништето.“

Девојчето речиси беше тргнало да се враќа дома, кога одеднаш слушна нешто. Звукот беше гргорлив и милозвучен и доаѓаше од некаде пред неа. Тоа веднаш потрча кон него. Таму, во една соголена шумичка, меѓу сивите стебла на дрвјата начичкани едно до друго, весело течеше едно поточе. Потскокнуваа неговите разиграни шурки по измазнетите белутраци, а на девојчето му се причини дека околу поточето е некако помалку студено.

„Каде одиш вака само, девојче?“ – прогргори поточето. „Сосема само, среде оваа зима?“

„Тргнав да ја барам пролетта“ – рече девојчето и му раскажа на поточето сѐ за приказните на баба си, за тоа колку сака да види како сонцето ќе огрее, како птиците ќе запеат, како ридот ќе раззелени и како во нивната градина ќе расцветаат цвеќињата.

„Ах, да!“ – воздивна поточето. „Лично ја познавам пролетта. Пред многу време, таа профучи оттука. Толку ја беа налутиле луѓето од твојата земја што воопшто не сакаше ни да седне овде до мене, да се одмори. Само ме бакна, се напи малку вода и замина. Ене, натаму замина!“ – и поточето плисна со шурките накај другата страна на шумичката.

Девојчето му се заблагодари на поточето и тргна понатаму, во правецот што ова му го покажа. Одеше тоа, одеше, одеше и одеднаш сфати дека повеќе не го чувствува северниот ветер. Некаде по патот тој сосем беше стивнал и сега воздухот беше мирен и малку потопол. Одејќи така, девојчето сети некој мирис што дотогаш никогаш не беше го сетило. Мирисот беше лесен, а сладок и стануваше сѐ посилен со секој следен чекор. Девојчето го душкаше и тој го понесе, та тоа потрча кон него. Таму, среде една полјана, се беше исправило едно дрво. Земјата околу него беше гола и кафена, но гранките на дрвото беа целите покриени со белузлаво-розови цутови.

Девојчето извика од среќа и се приближи до дрвото. Гранките зашумолеа, од нив се проронаа цутови како меки, топли, миризливи снегулки. Образите на девојчето се зарумене од трчањето, а дрвото се сврти кон него и му се насмевна. „Колку ти се румени обравчињата!“ – рече дрвото. „Исти како моиве јаболчиња кога еднаш ќе узреат... Каде трчаш вака само, девојче?“

„Тргнав да ја барам пролетта“ – рече девојчето и ѝ раскажа на јаболкницата сè за приказните на баба си, за тоа колку сака да види како сонцето ќе огрее, како птиците ќе запеат, како ридот ќе раззелени и како во нивната градина ќе расцветаат цвеќињата.

„Ах, да!“ – воздивна јаболкницата. „Таа пролет! Лично ја познавам. Пред многу време, таа помина оттука. Толку ја беа налутиле луѓето од твојата земја што трчала и трчала од лутина и на крај се уморила. Седна овде до мене, да се одмори. Мислам дека беше и малку тажна. Пред да замине, ме прегрна и ме бакна. И еве, од тогаш, од тој нејзин бакнеж, јас сум постојано расцутена.“

Расцутената јаболкница ги изви гранките и му покажа на девојчето каде заминала пролетта. Девојчето, сега веќе развеселено и стоплено, продолжи да оди понатаму. Како што одеше, снегот околу неа копнееше и под него, на земјата, своите нежни главчиња ги подаваа кокичиња и качунки, околу нив пркнуваа зелени стракови трева, небото стануваше сино, а од некаде почнаа да се слушаат и птиците.

Одејќи така, тоа стигна до подножјето на еден рид, а таму? Таму седеше пролетта, лично, и со своите тенки прсти плетеше венчиња од цвеќиња. Колку ли само се израдува девојчето! Со сета сила се затрча право кон неа, а пролетта го крена лицето и ја погледна со најбистрите очи што девојчето некогаш ги беше видело.

„Дојде ли?“ – се насмевна пролетта. „Одамна те чекам, а ти си муабетиш со поточето, си муабетиш со јаболкницата, ги влечеш нозете низ тревата и низ цвеќињата, ги заслушнуваш птиците...“

„Од каде знаеше дека доаѓам?“ – се зачуди девојчето.

„Јас знам сè, а особено желбите на децата“ – се насмевна пак пролетта. „Секое утро гледав како седиш крај прозорецот, секоја вечер ги слушав приказните на баба ти... Убаво ме опишува, навистина убаво...“ – воздивна пролетта и задоволно го стави венчето од цвеќе на косата.

Тогаш девојчето ѝ кажа колку сака таа пак да се врати кај нив, та да огрее сонцето, да запеат птиците, да раззелени ридот, а во нивната градина да расцветаат цвеќињата.

„Зошто?!“ – се намурти пролетта. „Па луѓето кај вас ми ги газеа тревките, ми ги сечеа дрвјата, ми фрлаа ѓубре во поточињата... Дури и птиците ми ги удираа со камења. Се однесуваа како да ме мразат, како да не сакаат повеќе да доаѓам... Е па, нека си ѕемнат тогаш во вечна зима, си реков и си заминав! И оттогаш си седам овде, кај што нема луѓе.“

Девојчето ја наведна главата, тажно и засрамено. Сета нејзина среќа што ја најде пролетта исчезна и тоа сети дека од очите му капнаа неколку солзи.

„Не плачи, мило“ – рече пролетта. „Знаеш, јас не можам многу да држам лутина. Та ти си првото дете што го гледам по толку време. Сега сфаќам колку ми недостасувале децата! Само поради нив, ќе им дадам на луѓето уште една шанса да се поправат... Оди сега, а јас ти ветувам дека набргу ќе те посетам. Наваму!“ – рече таа и ѝ покажа на ридот зад себе.

Девојчето зачудено ја погледна, а пролетта повторно се насмевна: „Секое патување до пролетта е патување околу земјата“ – рече таа. „Од другата страна на ридов е твојата мала куќичка и твојата баба што нестрпливо те очекува.“

Пролетта го бакна девојчето, нежно го качи на ридот, и тоа весело се стрча надолу, кон својот дом. Под секоја нејзина стапалка тревата се будеше и оживуваше, бубалките си брбореа, а цвеќињата ги  отвораа своите срца. Зашто оној што еднаш го бакнала пролетта, како што кажа јаболкницата, секогаш останува расцутен.

Елизабета Баковска